**ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА**

**„АДОРА ВЕ НОСИ НА ЕГЗОТИЧЕН ОДМОР НА КУБА“ од 01.11.2017 до 13.11.2017.**

**Член 1**

**Организатор**

Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт импорт Скопје, со седиште во Скопје на ул. Орце Николов бр. 182 А, застапувано од управител проф. д-р. Ванчо Чифлиганец.

**Член 2**

**Цел на наградната игра**

Наградната игра се спроведува со цел рекламирање на производите на организаторот, односно на становите или деловните простории во објектот Адора FLATIRON Скопје и објектот Адора DIAMOND GARDEN, кои ги гради Адора Инженеринг Дооел Скопје.

**Член 3**

Името на наградната игра: **„АДОРА ВЕ НОСИ НА ЕГЗОТИЧЕН ОДМОР НА КУБА“.**

**Член 4**

**Времетраење**

Наградната игра ќе се приредува од 14.07.2017 до 30.09.2017 година.

**Член 5**

**Награден фонт**

**Член 6**

**Територија**

Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Македонија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 7**

**Опис на наградната игра**

Наградната игра ќе се спроведува на следниот начин:
Ќе учествуваат сите учесници (купувачи) кои ќе купат стан или деловен простор, во објектот Адора FLATIRON Скопје кој се наоѓа во Скопје на ул. Борис Трајковски број 1 и објектот Адора DIAMOND GARDEN кој се наоѓа на ул. Московска бб, на Адора Инженеринг Дооел Скопје, односно сите купувачи кои ќе склучат преддоговор за купопродажба на недвижен имот (стан или деловен простор) во објектот Адора FLATIRON Скопје и објектот Адора DIAMOND GARDEN, на Адора Инженеринг Дооел Скопје, во период од 14.07.2017 година до 30.09.2017 година, со тоа што задолжително е сите учесници – купувачи да го имаат уплатено **учество од 30% со зборови: (триесет) проценти од вкупната купопродажна цена, за** недвижниот имот кој го имаат купено, односно за кој имаат склучено преддоговор со Адора Инженеринг Дооел Скопје.

**Член 8**

**Услови за учество**

Право на учество имаат сите полнолетни физички лица кои се државјани на Република Македонија, како и лица кои не се државјани на Република Македонија, а кои ќе склучат преддоговор за купопродажба на недвижен имот и ќе уплатат задолжително **30% со зборови: (триесет) проценти од вкупната купопродажна цена,** во објектите Адора FLATIRON Скопје и Адора DIAMOND GARDEN на Адора Инженеринг Дооел Скопје.

Право на учество во наградната игра немаат вработените во фирмата на организаторот, како и сите останати лица кои се директно вклучени во приредувањето и организирањето на наградната игра, во обезбедувањето на наградите за наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства (родители, деца, браќа, сестри и сопружниците).

Учесниците на наградната игра прифаќаат, во случај на освојување награда, организаторот да ги објави нивните доставени податоци и фотографии во печатен, звучен, визуелен или видео материјал без надоместок и со претходна согласност на добитникот и да ги користи во рекламни цели ако е тоа потребно, временски и просторно неограничено, без никакви обврски за давање на надомест за истото, а врз основа на неговата изјава и согласност.

Учесниците во оваа игра се согласни дека целокупниот материјал е сопственост на организаторот и се обврзуваат да се воздржат од било какви постапки против организаторот на основа на право за користење или сопственост на наведениот материјал.

**Член 9**

**Тек на постапката:**
Наградната игра ке се одвива на следниот начин:
Купувачите кои ќе склучат преддоговор за купопродажба за купопродажба на недвижен имот (стан или деловен простор) и уплатат **30% со зборови: (триесет) проценти од вкупната купопродажна цена,** во објектите Адора FLATIRON Скопје и Адора DIAMOND GARDEN, во период од 14.07.2017 година до 30.09.2017 година, имаат право да учествуваат во наградната игра.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Лице задолжено од страна на Организаторот веднаш по склучување на преддоговорот ги впишува личните податоци (име презиме, адреса и контакт телефон) на купувачот на лист со димензии 2 см X 5см кои истиот го уфрла во стаклен сад кои ќе биде наменет за наградната игра.

**Член 10**

**Постапка, контрола на извлекување на наградите**

Извлекувањето ќе биде на ден 30.09.2017 год. во 12:00 часот, во деловните просториите на Адора инженеринг дооел Скопје на ул. Орце Николов бр.182 А или на објектот Адора FLATIRON Скопје, на ул. Борис Трајковски број 1.

Добитниците на награда ќе бидат извлечени по случаен избор по пат на рачно извлекување од стаклен сад.

За контролата на извлекувањето за наградите ќе биде формирана комисија од 3 (три) члена, која ќе се состои од 1 (еден) нотар кој ќе го изготви записникот, а останатите 2 (два) члена ќе бидат надворешни членови.

**Член 11**

**Прекин на наградната игра**

Организаторот го задржува правото на прекин на наградната игра во случај на виша сила и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила.

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските од овие правила.

**Член 12**

**Начин на објавување на резултатите**

Резултатите од извлекувањето ќе бидат објавени на интернет страната на www.adora.com.mk; www.adoraflatiron.mk и на страната на www.facebook.com/adora.inzenering.

Резултатите од извлекувањето ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на извлекувањето.

**Член 13**

**Начин на исплата**

Наградата ќе може да се подигне најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавување на резултатите во просториите на Адора инженеринг дооел Скопје на ул. Орце Николов бр.182 А или на објектот Адора FLATIRON Скопје, на ул. Борис Трајковски број 1.

Наградата ќе биде врачена со доделување и превземање на истата од страна на добитникот .

Добитниците се согласни нивното име да се објави на интернет страната на www.adora.com.mk; www.adoraflatiron.mk и на страната на www.facebook.com/adora.inzenering.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Сите обврски на Организаторот кон добитникот на наградата завршуваат во моментот кога добитникот ќе ја преземе наградата.

Вредноста на наградата не може да биде заменета во парична противвредност.

**Член 14**

**Надлежност во случај на спор**

Во случај на спор меѓу организаторот и учесникот, надлежен е Основниот Суд Скопје 2 Скопје.

**Член 15**

**Рок за приговор**

Учесникот во наградната игра има право на приговор во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на резултатите, а комисијата по приговорот поднесен од незадоволниот учесник ќе одлучи во рок од 2 (два)дена од денот на приемот на приговорот.

**Член 16**

**Начин на запознавање на учесниците на наградната игра**

Правилата на наградната игра организаторот ќе ги објави на интернет страната на www.adora.com.mk; www.adoraflatiron.mk и на страната на www.facebook.com/adora.inzenering пред почетокот на наградната игра а по добивање на согласност од Министерството за финансии.

Адора Инженеринг Дооел Скопје

управител проф. д-р. Ванчо Чифлиганец